Галеника а.д.

# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството.**

- *Чувајте го упатството.* *Ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- Овој *лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.*

**Упатството за пациентот содржи:**


1. *Што претставува* ***Chloramphenicol / Хлорамфеникол*** *и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете пред да го земете / употребите* ***Chloramphenicol / Хлорамфеникол***
3. *Како да го земате / употребувате* ***Chloramphenicol / Хлорамфеникол***
4. *Можни несакани дејства (реакции) на* ***Chloramphenicol / Хлорамфеникол***
5. *Чување и рок на употреба на* ***Chloramphenicol / Хлорамфеникол***


## CHLORAMPHENICOL / ХЛОРАМФЕНИКОЛ

1% маст за око

*chloramphenicolum*

***Активна супстанција:*** хлорамфеникол.
***Помошни супстанции:*** парафин бел, мек

**Носител на одобрение за ставање на лекот во промет:**
Галеника а.д. Претставништво Скопје, 1 000 Скопје, Република Македонија, Бул.Кочо Рацин 14
**Производител на лекот:**
Галеника а.д., 11 080 Белград, Република Србија, Батајнички друм б.б.

## 1. Што претставува Chloramphenicol/Хлорамфеникол и за што се употребува

**Фармацевтска дозирана форма**
Маст за око.
**Состав**
1 g маст за око содржи 10 mg хлорамфеникол.
**Изглед**
Хомогена маст, со скоро бела,сивкасто бела или жолтеникаво бела боја.
**Содржина на пакувањето**
Туба со 5 g маст.
**Chloramphenicol/Хлорамфеникол** е антибиотик со широк спектар кој делува на голем број грам-позитивни и грам-негативни бактерии,вклучувајќи *Heamophilus*

*influenzae, Streptococcus pneumonia, Staphylococcus aureus, Streptococcus viridans,Moraxella species* и *Enterobacteriaceae.*
**Chloramphenicol/Хлорамфеникол** делува бактериостатски т.е го спречува растот на бактериите.
**Chloramphenicol/Хлорамфеникол** маст за очи се користи за лекување на инфекција на окото предизвикана од бактерии (бактериски коњуктивитис). Знаците на инфекцијата вклучуваат чувствителност, црвенило и воспаление на окото,леплив исцедок или красти на рабовите на очниот капак.

**2. Што мора да знаете пред да го земете/употребите Chloramphenicol/ Хлорамфеникол**

**Немојте да го земате / употребувате Chloramphenicol/ Хлорамфеникол, ако:**
Лекот не се применува во случај на преосетливост на хлорамфеникол или на некоја од помошните супстанции во составот на лекот.Не се применува кај болни со лична или фамилијарна анамнеза за заболувања на крвта вклучувајќи апластична анемија.

**Бидете посебно внимателни со Chloramphenicol/ Хлорамфеникол:**
Болниот треба да се јави кај лекар ако се појави некој од наведените симптоми:
-нарушување на видот
-јака болка во внатрешноста на окото
-фотофобија(чувствителност на светлост)
-воспаление на окото здружено со исип на косматиот дел на главата или лицето
-око со заматен (cloudy) изглед
-невообичаен изглед на зеницата
-ако мислите дека има присуство на страно тело во окото
Болниот исто така треба да се јави на лекар ако во својата анамнеза има некои од следните ситуации:
-коњуктивитис во блиско минато
-глауком(зголемен очен притисок)
-синдром на суво око
-хируршка интервенција на окото или терапија со ласер во последните 6 месеци
-повреда на окото
-тековна примена на други капки за око или масти за око
Во случај на употреба на контактни леќи,побарајте совет од лекар пред самата примена на овој лек.Контактните леќи не треба да се носат за време на траење на терапијата.Ако се користат меки контактни леќи не треба да се носат најмалку 24 часа после завршување на примената на масти за очи.
*Ве молиме да се посоветувате со лекар и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на Вас, било кога во минатото.*

**Земање / употребување на Chloramphenicol/ Хлорамфеникол со храна и со напиток**
Не е применливо.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*

Не е утврдена безбедна примена на лекот **Chloramphenicol/ Хлорамфеникол** за време на бременоста и доењето. Хлорамфеникол може да се ресорбира системски после примена на маста за око и може да помине низ плацентата и да биде присутен во мајчиното млеко.Поради тоа,примената на овој лек не може да се препорача за време на бременоста и доењето.

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**

После примена на лекот **Chloramphenicol/ Хлорамфеникол** маст за око,може да дојде до минливо замаглување на видот,па болните треба да се предупредат да не возат моторно возило и да не ракуваат со машини додека не им се избистри видот.

**Важни информации за некои составни компоненти на Chloramphenicol/ Хлорамфеникол**

Не е применливо.

**Земање / употребување на други лекови**

*Ве молиме да имате во вид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние производи што е ги земате во иднина.*

*Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*

Истовремена примена на лекот **Chloramphenicol/ Хлорамфеникол** со лекови кои можат да предизвикаат намалување на функцијата на коскената срцевина треба да се избегнува.

**3. Како да го земате / употребувате Chloramphenicol/ Хлорамфеникол**

*Строго придржувајте се кон упатствата на лекарот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со лекар.*

Окуларна примена.

Препорачаната доза за возрасни ,вклучувајќи постари лица и деца постари од 2 години е мала количина на маст која треба да се нанесе на внатрешната страна на долниот очен капак од инфицираното око,3-4 пати дневно.

Терапијата треба да се продолжи уште 5 дена дури и ако настанало подобрување на симптомите.

*Ако имате впечаток дека ефектот на **Chloramphenicol/ Хлорамфеникол** е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако сте земале / употребиле поголема доза од Chloramphenicol/ Хлорамфеникол отколку што треба**

*Ако сте земале / употребиле поголема доза од **Chloramphenicol/ Хлорамфеникол** отколку што треба, веднаш треба да се посоветувате со Вашиот лекар или фармацевт.*

Со оглед на тоа дека при локална примена во окото се користи мала доза на лекот **Chloramphenicol/ Хлорамфеникол** можноста од предозирање е минимална.

**Ако сте заборавиле да го земете / употребите Chloramphenicol/ Хлорамфеникол**

Не *земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.*

Во случај да сте заборавиле да го примените лекот, веднаш продолжете со терапијата како и во претходниот период.

**Ефекти кога престанува третманот со Chloramphenicol/ Хлорамфеникол**
Продолжите со примена на лекот уште 5 дена дури и кога има подобрување на симптомите.Не ја прекинувајте примената на лекот само затоа што дошло до подобрување.Ако престанете,инфекцијата може да се врати.

**4. Можни несакани дејства (реакции) на Chloramphenicol/ Хлорамфеникол**
*Како и сите лекови, **Chloramphenicol/ Хлорамфеникол** може да има несакани дејства.*
Маста може да предизвика иритација кога се аплицира во окото,како пецкање,боцкање,чешање и воспаление на кожата.
Ако дојде до појава на крвни подливи(модрици) повеќе од вообичаеното или на инфекции полесно или зачестено,потребно е да се прекине примената на лекот и да се посоветувате со надлежниот лекар.
*Ако приметите било какви несакани дејства кои не се спомената во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

**5. Чување и рок на употреба на Chloramphenicol/ Хлорамфеникол**
***Да се чува на места недостапни за деца.***
Да се чува на температура до 25°C,во оригинално пакување.
После првото отворање,да се чува на температура до 25°C во оригинално пакување,најдолго 28 дена.
Лековите не треба да се фрлаат во канализација,нити во куќен отпад.Прашајте го својот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни.Овие мерки помагаат при зачувување на животната средина
Неупотребениот лек да се уништи во согласност со важечките прописи.

**Рок на употреба**
3 години.
Рокот на употреба истекува последниот ден од наведениот месец.
*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.*

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се издава во аптека само на рецепт.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
*Внатрешното упатство е одобрено март 2015*

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет**
НН 15-6148/12